14.09.2020 г.

ЈП КОМУНАЛЕЦ Битола
бр. 04-472/4
11.09.2020 год.
БИТОЛА

**ПРЕДМЕТ: Објавување на оглас**

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи на Република Македонија-пречистен текст (Сл.весник на Република Македонија бр. 167/2015), Закон за јавни претпријатија (Сл.весник на Република Македонија бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/12, 119/13 и 41/14) и Закон за вработени во јавен сектор член 20-г (Сл. Весник на Република Македонија бр.27/14)

**ЈП КОМУНАЛЕЦ БИТОЛА**

**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2020**

За прием на:

1. **1 (еден) извршител** за работно место **„Чувар-пожарникар со лиценца“** со шифра на работно место КДР0402А02002 група помошно-технички персонал на неопределено работно време:
- со стекнати најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование
- со или без работно искуство
- други посебни услови: „Лиценца за обезбедување.“
2. **2 (два) извршители** за работно место **„“Електромонтер“**, со шифра на работно место КДР0401А02009, група помошно технички персонал, на неопределено работно време:
- со најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование,
- со или без работно искуство
- други и поебни услови: да поседува Возачка Б-категорија
3. **1 (еден) извршител** за работно место **„Бравар-заварувач“,** со шифра на работно место КДР0401А01098, група помошно-технички персонал на неопределено работно време:
- со стекнати најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- вид на образование: машинска струка, електро струка
- со или без работно искуство
4. **1 (еден) извршител** за работно место **„Референт-инкасант“** со шифра на работно место КДР0305Б02075, група даватели на јавни услуги на неопределено работно време:

- со стекнати најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование.
- со најмалку две години работно искуство во струката

5. **2 (два) извршители** на работно место **„Возач на специјално комунално возило“** со шифра на работно место КДР0305Б02068 група даватели на јавни услуги, на неопределено работно време:

- со стекнати најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование.
- Со најмалку две години работно искуство во струката
- Други подебни услови: да поседува возачка „Ц“ категорија

6. **2 (два) извршители** за работно место **„Ракувач со земјоделски машини“** со шифра на работно место КДР0305В01002, група даватели на јавни услиги на неопределено работно време:

- со стекнато најмалку ниво на квалификации I или основно образование
- со најмалку една година работно искуство во струката

7. **3 (извршители)** за работно место **„Општ работник“** со шифра на работно место КДР0305В02031, група даватели на јавни услуги на неопределено работно време:

- со стекнато најмалку ниво на квалификации I или основно образование
- со или без работно искуство

8. **2 (два) извршители** на работно место **„Метач“** со шифра на работно место КДР0305В02020, група даватели на јавни услуги, на неопределено работно време:

- ниво на квалификации I или основно образование;
- со и без работно искуство

9. **1 (еден) извршител** на работно место **„Раководител на одделение Одржување на спортски објекти“** со шифра на работно место КДР0305А03119, група даватели на јавни услуги, на неопределено работно време:

- со најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС, или завршен VII/1 степен на образование, односно ниво на VI А завршени четиригодишни додопломски студии
- научно поле кинезиологија, машинство, електротехника, согласно Актот за систематизација на работни места на ЈП Комуналец Битола
- со најмалку две години работно искуство во струката во јавен сектор, од кои најмалку една година на раководно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката во приватен сектор, од кои најмалку две години на раководно место во приватен сектор,
- со активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда
- возачка Б категорија

Огласот се објавува заради зголемениот обем на работа на ЈП Комуналец Битола.

За работното место под реден бр.1 (еден) „Чувар-пожарникар со лиценца“ определено е работење во смени. Основна **нето плата изнесува** 17.065,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2019 се : 1(еден) извршител Македонец(ка) 1.

За работното место под реден бр.2 (два) „Електромонтер“ дневното работно време од понеделник до петок ќе трае од 7,00 до 15,00 часот. Основна **нето плата изнесува** 20.494,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2020 се : 2(два) извршители Македонци(ки) 1.

За работното место под реден бр.3 (три) „Бравар-заварувач“ **дневното работно време** ќе трае од понеделник до петок од 07,00 до 15,00 часот,. Основна **нето плата изнесува** 19.275,00 **денари** плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2020 се : 1(еден) извршители Македонец(ка).

За работното место под реден бр.4 (четири) „Референт-инкасант“ дневното работно време од понеделник до петок ќе трае од 7,00 до 15,00 часот. Основна **нето плата изнесува** 18.003,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2020 се : 1(еден) извршител Македонец(ка) 1.

За работното место под реден број 5 (пет) „Возач на специјално комунално возило“ дневно работно време од понеделник до петок ќе трае од 7,00 до 15,00. Основна **нето плата изнесува** 18.657,00 **денари** плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2020 се : 2(два) извршители Македонци(ки) 1.

За работното мето под реден бр.6 (шест) „Ракувач со земјоделски машини“ дневно работно време од понеделник до петок ќе трае од 7,00 до 15,00. Основна **нето плата изнесува** 18.506,00 **денари** плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2020 се : 2(два) извршители Македонци(ки) 1.

За работното место под реден бр.7 (седум) „Општ работник“ дневното работно време од понеделник до петок ќе трае од 7,00 до 15,00 часот. Основна **нето плата изнесува** 17.065,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2020 се : 3(три) извршители од кои 2 (два) Македонци(ки) и 1 (еден) Албанец/ка.

За работното место под реден бр.8 (осум) „Метач“ **дневното работно време** ќе трае од понеделник до петок од 07,00 до 15,00 часот,. Основна **нето плата изнесува** 17.065,00 **денари** плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2020 се: 2(два) извршители Македонци(ки).

За работното место под реден бр.9 (девет) „Раководител на одделение Одржување на спортски објекти“ **дневното работно време** ќе трае од понеделник до петок од 07,00 до 15,00 часот,. Основна **нето плата изнесува** 23.725,00 **денари** плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-Предвидени вработувања според годишниот план на институцијата за 2020 се: 1(еден) извршител Македонец(ка).

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните **општи услови**:

- Да е државјанин на РМ

- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните **посебни услови**:

- Да има соодветни стручни квалификации за работното место
- Да има соодветно работно искуство потребно за работното место
- Да поседува посебни работни компетенции потребни за работното место

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Извод од матична книга на родени
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство доколку се бара
- Пополнета пријава објавена на веб страната на ЈП Комуналец Битола

Постапката за селекција за вработување на давателите на услуги во јавното претпријатие се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување, со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

Огласот:

-за извршителските места под реден број 4,5,6,7,8, и 9 трае **15 (петнаесет) дена**,

-а за извршителските места под реден број 1,2, и 3 огласот ќе трае **5 (пет) работни дена**, а за истите места, 1, 2 и 3 ќе се применуваат одредбите од Законот за работни односи.

сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот.

Пријавите ќе бидат достапни на веб-страницата на ЈП Комуналец Битола www.komunalecbt.com.mk. ***Кон пријавата кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.***

***Кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.***

Кандидатите пријавите со сите потребни документи да ги достават до Архивата на ЈП Комуналец Битола, на адреса :

**ЈП Комуналец Битола**
**Ул. 16-та бб**
**7000 Битола**

лично или преку пошта, со назнака „За оглас 01/2020.“

**ЈП Комуналец Битола**
**Директор**
**Панде Богоевски**